РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
Agjencia për nxitje të zhvillimit të bujqësisë
Бр./Nr. 03-180/1
26-07-2022 20___ год./vit
Битола-Manastir

Годишен план за спречување корупција и проценка на ризици 2022 ГОДИНА

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)

јули, 2022

Краток осврт на профилот на АПРЗ, статус, визија и мисија

Постамент врз кој што се уредува целокупното работење на АПРЗ е нејзината основна функција - давање на стручна помош на земјоделските стопанства со цел зголемување на квалитетот, квантитетот и профитабилноста на земјоделското производство со оптимално искористување на расположливите ресурси. Адаптацијата и следењето на современите трендови во земјоделството претставува *conditio sine qua non* (услов без кој не се може) во рамките на развојот на АПРЗ.

Советодавните услуги се дизајнираат и обезбедуваат преку: практична примена на научните и техничките сознанија насочени според потребите на пазарот; јакнење и соработка на земјоделските здруженија; поддршка во спроведувањето на владините програми и мерки наменети за земјоделскиот сектор; воспоставување и примена на информативни системи во функција на подобрување на следливоста на земјоделските активности и размена на информации со чинителите во агрокомплексот.

АПРЗ преку системот на давање на советодавни услуги на земјоделските стопанства, има за цел да овозможи трансфер на знаења и информации, како и нивна имплементација во насока на подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ и пошироко, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување на база на податоци од земјоделските стопанства (ЗС) преку теренски посети на ЗС. АПРЗ е одговорна за давање на стручна помош на ЗС со цел зголемување на квалитетот, квантитетот и профитабилноста на земјоделското производство со оптимално искористување на расположливите ресурси и нивна поголема искористеност во пазарно ориентираните и рурални средини.

АПРЗ е основана со Законот за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (Сл. Весник на РМ 3/98, 43/14, 64/18 и 27/19). Согласно Законот за основање и Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. Весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002 и 82/08), АПРЗ е дефинирана како орган на државната управа, има својство на правно лице и е самостојна во својата работа.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници (Сл. Весник на РМ бр. 114/09), вработените во АПРЗ од 01.01.2012 година имаат статус на државни службеници.

Други позначајни закони и акти според кои што АПРЗ се раководи во своето работење се: Законот за земјоделство и рурален развој; Законот за

административни службеници; Закон за организација и работа на органите на државната управа; Закон за буџетите; Закон за извршување на буџетот; Закон за јавна внатрешна финансиска контрола; Закон за јавните набавки; Закон за воспоставување на мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства; Методологија за стратешко планирање и подготвување на годишен план за работа согласно препораките на Владата на РСМ; Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа; Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа; како и други законски и подзаконски акти кои што регулираат одредени сегменти од работењето на АПРЗ. Позначајни општи акти на АПРЗ кои што ја дефинираат нејзината структурна, организациона и функционална сфера се: Статутот, Правилникот за внатрешна организација, Правилникот за систематизација на работните места, Деловникот за работа на Управниот одбор, Правилник за работа и работни процеси, Функционално – организациона анализа во насока на зајакнување на капацитетите на АПРЗ и сл.

Визија

Нашата визија е АПРЗ да биде високопочитуван и препознатлив советодавен центар меѓу земјоделците во функција на примена на најсовремените научни и технички сознанија насочени кон современо, продуктивно и конкурентно земјоделско производство.

Мисија

Креирање и испораката на широк спектар на квалитетни, навремени, искористливи и применливи совети, целосно прифатени и практицирани од страна на земјоделските стопанства, кои ќе овозможат да се постигне одржливо конкурентно земјоделско производство и рамномерен рурален развој, со силно развиена сензибилност и адаптибилност на барањата на пазарот.

Вовед и поимање на корупцијата

Не постои универзална дефиниција за корупција во литературата, меѓутоа објаснувањето за корупцијата скоро секогаш се поврзува со стекнувањето на противправна лична корист на поединец или група на штета на јавните финансии и воопшто, јавниот интерес во земјата. Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни историски, психолошки, економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Непостоењето на општоприфатена дефиниција за корупцијата не е пречка да се дејствува против корупцијата, меѓутоа потребно е да се постигне согласност помеѓу носителите и извршителите на антикорупциската политика за истоветно (или барем слично) разбирање на поимот „корупција" или „коруптивно однесување". Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Република Северна Македонија (чл. 2 Службен весник на РМ 12/2019) стои: „под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг". Понатаму, „под **судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасноста при вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Категорија која задолжително се разгледува при дискусија за корупцијата е интегритетот. **Интегритетот** е квалитет на дејствување во согласност со општо прифатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес. Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Од друга страна, не секое кршење на интегритетот значи коруптивно однесување. Во контекст на спречувањето на корупцијата, интегритетот подразбира моќта што ја носи определена функција да се користи исклучиво за остварување на јасно дефинирани и јавно декларирани цели. Согласно Законот за спречување корупција и судир на интереси (чл. 4 Службен весник на РМ 12/2019), „службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице".

Горенаведеното упатува дека поимањето на корупцијата и на судирот на интереси во македонската правна терминологија е доста широко. Ваквото поимање дава простор за опсежно дејствување против корупцијата, меѓутоа отвора и дискусија дали определено однесување или постапка е од коруптивна

природа и/или дали може да поттикне создавање на модел на коруптивно однесување. Илустрација за дилема околу (не)коруптивната природа на постапката има во ситуација кога примателот на јавна услуга по сопствена волја (без присила, притисок или барање) му дава подарок на давателот на услугата. Третманот на подароците е јасно пропишан во македонската регулатива согласно нивната вредност, меѓутоа во пракса често се дебатира околу влијанието на општествените обичаи во насока на поттикнување/охрабрување на коруптивно однесување. Имено, лицето кое пружа јавна услуга добива плата за својата работа, а давањето подарок од страна на примателот на услугата по нејзина/негова волја како благодарност за завршената работа е дозволено во вредност согласно законските норми. Меѓутоа, „обичајот" на давање и примање подароци може да поттикне создавање на модел на коруптивно однесување, односно да се поттикне размислувањето кај поединците дека со подароци се добива подобар третман, па почнува да расте и вредноста на подароците надвор од законските граници. Законската регулатива пропишува законски мерки во вакви ситуации, меѓутоа примената на оваа регулатива во пракса наидува на тешкотии. Честопати, давањето на подароци се смета за „ситна" корупција на која не се обраќа доволно внимание од страна на институциите зашто навидум не повлекува голема штета, а всушност е потребно да разгледаат кумулативните ефекти (финансиски), како и ефектите врз етичките вредности во општеството за да се процени вистинското и долгорочното влијание на „обичајот" на давање/примање подароци. Слични дилеми има многу. Со цел да се намалат можностите и просторот за коруптивно дејствување, потребно е прецизно дефинирање на законската регулатива во сите области, посебно во критичните со високи ризици од корупција, имплементација на законите и навремено санкционирање на случаите на корупција. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, опфаќајќи ги јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Корупцијата ја поткопува довербата во владините институции, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за општеството заради ерозијата на вредностите преку коруптивното однесување. Корупцијата се појавува во бројни форми од кои најчесто застапени се следните:

- **Злоупотреба на службена должност**
- **Поткуп**
- **Тргување со влијание**
- **Користење на службени добра за лични потреби**
- **Судир на интереси**
- **Изнуда**
- **Непотизам**

- **Кронизам**
- **Само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма).**

Како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, Агенцијата за поттикнување на земјоделството изготви Годишен план проценка на ризици од корупција, кој има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, да придонесе кон нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди непречен развој на демократијата, владеење на правото, како и да обезбеди квалитетна, ефективна и ефикасна јавна служба, целосно ослободена од коруптивни практики, која ќе биде вистински сервис за сите граѓани на Република Северна Македонија. Составен дел на овој план се утврдените мерки и активностите кои АПРЗ ќе ги преземе во претстојниот период во однос на сите претходно идентификувани области, со цел да ги минимизира ризиците, да се справи со предизвиците и да ги отстрани слабостите, за да биде што подобар партнер и сојузник во борбата против корупцијата.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес ,туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување на случаи на сомнежи за корупција.

Сметаме дека овој план за проценка на ризици од корупција и борба против истата ќе ја постигне целта да даде значителен придонес во спречување на корупцијата во Република Северна Македонија генерално и дека ќе ја зајакне свеста за штетноста од коруптивно постапување.

Годишен план за проценка на ризици од корупција

Годишниот план за проценка на ризици од корупција е политика на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (понатаму во текстот АПРЗ) за преземање на севкупни мерки за детектирање на ризиците од корупција и спречување на нејзино појавување во АПРЗ, унапредување на професионален и етички план на вработените, создавање задоволни вработени и задоволни корисници на нивните услуги и зголемување на општествената одговорност на работењето на АПРЗ во целина.

Годишниот план вклучува трајни и повремени (додатни) мерки и активности кои АПРЗ ќе ги спроведе со цел на јакнење на своето антикорупциско делување и јакнење на антикорупциската свест меѓу нејзините вработени.

Годишниот план за проценка на ризици од корупција со трајни мерки и активности е јавен документ.

Поединечни конкретни антикорупциски активности, можат да содржат и доверливи податоци кои се достапни исклучиво на овластени лица во АПРЗ.

Потребна е внимателна анализа за детекција на ризиците и на ситуациите коишто може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршењето на службените работи, за што е потребно навремено преземање мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција.

Вработените во АПРЗ при извршувањето на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси.

Потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност, професионалност, отчетност и транспарентност.

Секој вработен е потребно да има висок степен на познавање на кодексот на административни службеници, каде е утврдено дека службениците не смеат да се постават во материјална или друга зависност од граѓани или органи, не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист и имаат обврска да се спротивставуваат на сите форми на корупција во рамките на Агенцијата.

Со цел да се постигнат целите на овој план, главниот фокус на планот е ставен на пет целни (тематски) области:

1. подобрување на услугите со акцент на зајакнување на отчетноста за успешно извршување на задачите и промовирање на градење на интегритет и транспарентност,
2. водење деловни активности на правилен, етички, економичен, ефикасен и ефективен начин,
3. усогласување на работењето со законските регулативи, политики, планови и процедури,
4. заштита на имотот и другите ресурси од загуби предизвикани од лошо управување, неоправдано трошење и употреба, неправилности и измами,
5. навремено финансиско работење и следење на деловните резултати.
6. Сите вработени во АПРЗ се должни да го поддржат спроведувањето на сите антикорупциски барања и активности.

Принципи на работење во борба против корупцијата

Целта на Планот за проценка на ризици од корупција е да го поддржи управувањето со АПРЗ со сите механизми што ја спречуваат корупцијата, како во

односите на АПРЗ со деловните партнери и клиенти, така и во рамките на АПРЗ во односите со вработените, законитоста на работата на АПРЗ и нејзината одговорност кон јавноста и поширокаата заедница.

Во своето работење преку примена на главните елементи на борбата против корупцијата кои произлегуваат од Националната стратегијата за спречување на корупција и судир на интереси, усвоена од Владата на Република Северна Македонија, АПРЗ ја поддржува апликацијата на следните принципи:

- Принципот на владеење на правото - што подразбира обврска за почитување на законската постапка, принципите и спроведувањето на важечкото законодавство;
- Принцип на добра практика - обврска за усогласување на деловната политика со најдобрата практика потребна за ефикасна борба против корупцијата;
- Принцип на одговорност - преземање на целосна одговорност од страна на раководната структура при креирање деловна политика и нејзино ефективно спроведување;
- Принцип на превенција - обврска за усвојување и спроведување мерки за отстранување на причините за корупција, вклучително и отстранување на сите недостатоци што влијаат врз неа;
- Принцип на ефективност - постигнување континуиран напредок во создавањето и спроведувањето на мерките за спречување на корупцијата;
- Принцип на соработка - обврска за заедничко дејствување во спроведувањето на антикорупциската политика;
- Принцип на транспарентност - обврска да се обезбеди транспарентност при донесување одлуки и да се обезбеди пристап до информации во согласност со законските обврски и земајќи ги предвид деловните околности;
- Принцип на соработка со граѓанското општество - обврска за подобрување на соработката со граѓанското општество;
- Принцип на самооценување - доследно и редовно следење на спроведувањето на деловните активности, проценка на ризикот од корупција и преземање соодветни мерки.

Цели на Годишниот план за проценка на ризици од корупција и активности за спречување на нејзина појава

Административно зајакнување во насока на намалување на ризикот од корупција и судир на интереси

Намалување на ризикот за корупција на вработените во однос на хоризонталните и вертикалните надлежности за креирање и имплементација на политиките за управување со човечките ресурси, воведување на унифицирани внатрешни процедури со почитување на стандардите за квалитет, оптимизација на извршувањето на работните задачи на вработените и унапредување на соработката со сите засегнати страни, се основните постулати на оваа цел.

Во таа насока, потребно е:

- Зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри
- Примена на Системот за управување со квалитет ИСО
- Мерење успешност во работењето и испорака на квалитетни услуги
- Унапредување на квалитетот на работата со странки
- Јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупцијата
- Квалитетна и навремена размена на податоци меѓу институциите

Непристрасна, ефикасна, ефективна администрација, која е независна од политичко влијание е еден од клучните делови во борбата против корупцијата. Администрацијата мора да работи на принципите на етичност и интегритет, а нејзините механизми за санкционирање на неетичкото и коруптивно однесување мора да се направат пофункционални. Јавната перцепција за независна, ефикасна, непристрасна администрација и довербата во истата е важен предуслов за успешноста на антикорупциската политика и доброто владеење на правото во земјата.

За таа цел, неопходно е зајакнување на капацитетите, преку одделението за човечки ресурси, во институцијата во однос на примената на законските и подзаконските акти. Во таа насока, се работи и на зајакнување на меѓуинституционална соработка преку воведување прирачници, водичи, виртуелни обуки и сл.

Стратешки приоритет е да се обезбеди: надминување на недостатоците и поедноставување на процедурите во управувањето со човечките ресурси, ориентираност кон граѓаните преку унапредени практики, поддршка на политиките за обезбедување еднакви можности на вработените и отворена и транспарентна комуникација. Исто така, стручното усовршување и развојот на човечките ресурси претставува алатка за постигнување на професионално, компетентно и ефективно работење на службениците.

Преку соодветни алатки за оценка на квалитетот на работата на институцијата, АПРЗ ќе спроведе мерење на работа најмногу во однос на

насоченоста за давање на услуги кон клиентите, со што ќе овозможи подобрување на квалитетот на работењето и испорачување на квалитетни услуги.

Со спроведени анкети ќе се истражува задоволството на корисниците од добиените услуги, а преку овој механизам индиректно може и да се утврди потенцијално присуство на практики поврзани со корупција, кронизам и клиентелизам. Со спроведување на овие активности се очекува да се подобри работењето на институцијата преку мобилизирање и фокусирање на работата на сите вработени, оние кои даваат услугите, вработените од првата линија на комуникација со клиентите, вработените задолжени за политики, стратегија и истражување, како и раководителите – со заедничката цел: подобрување на услугите и задоволството на клиентите.

Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и процесот за управување со јавните финансии

Трошењето на буџетските средства е најчест извор на корупциски закани кои АПРЗ се обидува да ги елиминира со стандардизирање на процесите за јавни набавки и зголемување на транспарентноста.

Во таа насока, ќе се спроведува:

- Контрола врз спроведувањето на јавните набавки
- Зајакнување на капацитетите за јавни набавки
- Објавување на web на планот за јавни набавки; линковите до објавите на ЕСЈН на огласите за јавни набавки и тендерски документации; Известувањата за склучен договор и за реализација на договорите како и самите договори за јавни набавки и нивните анекси
- Унапредено и транспарентно Финансиско-сметководствено работење
- Споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки

Преку процесот на јавни набавки во јавниот сектор, учесниците се под ризик од коруптивни практики заради остварување финансиски добивки. Затоа, со цел да се заштити јавниот интерес, да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите, зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, засилување на контролата врз спроведувањето на јавните набавки; зголемување на ефикасноста во реализацијата на јавните набавки и зголемување на личниот интегритет на лицата вклучени во нивно спроведување.

АПРЗ го води процесот на управување со јавните финансии преку механизмите за буџетирање, распределба, трошење и отчетност. Со цел

намалување на потенцијалните можности за корупција во процесот на буџетирање, заложбата на АПРЗ се однесува во делот на креирање политики и подигнување на свеста за антикорупциските практики. Техничките форми за надминување на корупција во процесот на буџетска формулација се состојат во институционално учество во распределбата на средства по области или организациски единици. Со цел избегнување на корупцијата во форма на политичко влијание при искористување на дискреционо право врз приоретизирање на организациски единици или области при буџетирањето, во институцијата буџетирањето е отворен процес со активно учество на сите засегнати страни.

Јакнење на принципите за отчетност и транспарентност во работењето-поактивна транспарентност

Транспарентно и навремено објавување суштински информации ја зголемува довербата на граѓаните во работата на институцијата, како и заложбите кои институцијата ги презема за да превенира коруптивни практики. Со тоа, на службениците и граѓаните им се дава импулс за да се охрабрат да пријавуваат коруптивни практики или појави.

Во таа насока, АПРЗ ќе се фокусира на:

- Зголемување на институционалната транспарентност
- Објавување на информациите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер

Во ера на голема достапност до различни извори на информации, како и на лесно достапни можности за пласирање информации или дезинформации, голема е можноста јавноста да се здобие со погрешни сознанија во однос на работата на институцијата, како и во однос на корупцијата и она што таа го претставува. Ова може да резултира со поткопување на довербата на граѓаните во институцијата, како и со помала можност да се идентификуваат и пријавуваат потенцијалните коруптивни практики.

Затоа, со цел да се зајакне довербата на граѓаните кон институцијата, АПРЗ обезбедува пристап и можност на целокупната јавност да има увид во нејзиното работење. АПРЗ го овозможува ова преку транспарентно и навремено објавување на информации за нејзината работа преку користење релевантни канали за информирање. Притоа, АПРЗ континуирано ги користи и сите расположливи ресурси за информирање за да споделува информации и податоци во однос на корупцијата и мерките кои ги презема за да ја спречи нејзината појава.

На овој начин, АПРЗ придонесува во борбата против корупцијата и помага во напорите за зголемување на свесноста на јавноста за корупцијата, земајќи предвид дека свесноста на јавноста за негативните ефекти на корупцијата е

основен дел на која било ефективна стратегија за превенција на корупцијата. Со тоа, не само што се споделуваат и обелоденуваат суштински информации за корупцијата, дотолку повеќе, на службениците и граѓаните им се дава импулс за да се охрабрат да пријавуваат коруптивни практики или појави.

Дополнително, во насока на поголема транспарентност и борба против лажни вести во однос на корупцијата, АПРЗ ќе продолжи да ја одржува комуникацијата со јавноста, преку обезбедување навремени и релевантни информации за антикорупциските мерки кои се преземаат, со што ќе се стесни просторот за ширење дезинформации, а граѓаните и службениците постојано ќе бидат точно и навремено информирани.

Одговорност и процес на следење

За ефективна и ефикасна борба со корупција, АПРЗ треба да има и ефикасни и ефективни механизми за управување со процесот на следење и мониторинг на состојбата со корупцијата, како и за состојбите во однос на судир на интереси, интегритет и примање подароци, како аспекти кои се во директна врска со корупцијата.

За таа цел, АПРЗ има назначено лице одговорно за прашања од областа Интегритет и судир на интереси.

Секој сектор кој е надлежен за одредена активност, со утврдена динамика доставува извештај до лицето назначено за интегритет, примање подароци и судир на интереси, со цел да се има постојан увид и да се следи состојбата во АПРЗ во однос на овие аспекти.

Дополнително на ова, по изготвување на нацрт-стратешки план и буџет, како и по потреба, во АПРЗ ќе се врши ревизија со цел објективно проверување на информациите и потврдување на нивната точност или потенцијална интервенција, односно корекција на одредени аспекти.

Преку овие механизми, меѓу другите, во АПРЗ се обезбедува ефикасен и ефективен процес на следење и мониторинг, се овозможува навремена детекција на недостатоци, доколку ги има, а дополнително, се минимизира потенцијалот за појава на судир на интереси и за примање подароци и се обезбедува начин на работење во кое се отсликува интегритет и професионализам.

Одговорното лице е надлежно за следниве активности:

- Изработка и ажурирање на Годишен план за спречување корупција и проценка на ризици
- Управување и координација на спроведување на антикорупциски активности

- Надгледување и оценување на спроведувањето на Годишниот план за спречување корупција и проценка на ризици
- Примање пријави и извештаи за неправилности
- Управување на проверките поврзани со незаконитости и неправилности
- Повремено преиспитување на релевантните правни инструменти и административни мерки како би се проценила ефикасноста за спречување и борба против корупцијата.
- управување со приемот на неправилности
- примање на жалби и пријави од вработени, граѓани и други лица во врска со неетичко однесување на вработените и за промовирање на етичкото однесување во односите со вработените

Одговорното лице во спроведувањето на мерките на овој план, ќе известува за применените барања, процедури и одлуки за остварување на правото за пристап до информации, примени претставки и спроведени постапки за испитување на основаноста на жалбите и други активности преземени од АПРЗ со цел намалување на ризикот од неправилности, измами и корупција.

Сите вработени се должни да го поддржат спроведувањето на сите антикорупциски барања и активности.

Раководството на АПРЗ обезбедува заштита за вработените кои имаат разумна причина да се сомневаат во корупција или кои ги известуваат своите сомнежи пред одговорните лица во АПРЗ, на вработениот кој пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.

Коруптивните однесувања се казниви согласно Кривичниот законик, а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциската политика, задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка, која што не исклучува кривична одговорност.

Годишниот план за проценка на ризици од корупција ќе биде објавен на интернет страната на Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството https://agencija.gov.mk/

Битола, 26.07.2022

Изготвил:
Советник внатрешен ревизор

Трајче Стојчевски

Директор/Drejtor

Xhemil Qamili